Уп. бр.08-121

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Смарфит Капа Бугарија ЕООД со седиште на Бул. 23ти Пехотен Шипченски Полк, бр. 114, Казанлак 6100 Стара Загора Бугарија, преку Адвокат Андреа Лазаревска од Скопје, на седницата одржана на ден 20.09.2023 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

1. Се утврдува дека концентрацијата со која Смарфит Капа Бугарија ЕООД со седиште на Бул. 23ти Пехотен Шипченски Полк, бр. 114, Казанлак 6100, Стара Загора, Бугарија стекнува контрола над бизнисот кеса-во-кутија (анг. *bag-in-box*) на Артемис ООД, Бугарија со седиште на улица Трета, зграда бр. 2, кат 2, Станбена област Индустриски парк, Шумен 9700, Бугарија и имотите на Хел Бул Истејт ООД, Бугарија со седиште на ул. Индустриална бр. 45, кат 2, Шумен 9700, Бугарија, што се користат во врска со таквиот бизнис, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## Образложение

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 15.08.2023 година а дополнето на 17.08.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна на Смарфит Капа Бугарија ЕООД со седиште на Бул. 23ти Пехотен Шипченски Полк, бр. 114, Казанлак 6100 Стара Загора Бугарија, со која Смарфит Капа Бугарија ЕООД, Стара

Загора, Бугарија стекнува контрола над бизнисот кеса-во-кутија (анг. *bag-in-box*) на Артемис ООД, Бугарија со седиште на улица Трета, зграда бр. 2, кат 2, Станбена област Индустриски парк, Шумен 9700, Бугарија и имотите на Хел Бул Истејт ООД, Бугарија со седиште на ул. Индустриална бр. 45, кат 2, Шумен 9700, Бугарија, што се користат во врска со таквиот бизнис.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополнувањето и прилозите кон истото, го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Смарфит Капа Бугарија ЕООД Стара Загора Бугарија е друштво со ограничена одговорност, кое е основано и постои според законите на Република Бугарија. Неговите деловни активности се производство на брановидни картонски кутии, кутии и помошни конструкции-носачи, штанцање и лепење во три точки и флексопринт. Неговите главни производи вклучуваат брановидни картони со 2, 3 и 5 слоја, кутии за пица, кутии со дупчиња, телескопаки кутии, кутии и носачи во форма на папка, лизгачки кутии, кутии со цврста конструкција, кутии на склопување и прегради. Смарфит Капа припаѓа на Групацијата Смарфит Капа (во понатамошниот текст: СКГ), која е крајно контролирана од Смарфит Капа Груп плц (*Smurfit Kappa Group plc*) (во понатамошниот текст: СКГ плц), ирското матично друштво на групацијата, кое котира на берзите во Даблин и Лондон и е вклучено во Индексот FTSE 100. СКГ е активна во индустријата за брановидни пакувања, и произведува решенија за пакување во хартиени кутии на глобално ниво. СКГ плц е со седиште во Даблин, Ирска.

СКГ нема претпријатија-ќерки, филијали или претставништва лоцирани во Република Северна Македонија, но остварува приходи од продажба на хартија за производство на картонски плочи, картонски табли за производство на картонски кутии, како и картонска амбалажа. СКГ не остварил продажба на производи кеса-во-кутија во Република Северна Македонија во 2022 година.

Целниот бизнис се состои од бизнисот кеса-во-кутија на Артемис ООД, Бугарија и имотите на Хел Бул Истејт ООД, Бугарија, кои се користат во врска со таквиот бизнис. Артемис ООД, Бугарија е друштво со ограничена одговорност, кое е основано и постои според законите на Бугарија. Артемис ООД, Бугарија е друштво кое се занимава со производство, продажба и дистрибуција на пакување кеса-во-кутија во Бугарија и во странство. Хел Бул Истејт ООД, Бугарија е друштво со ограничена одговорност, кое е основано и постои според законите на Бугарија. Освен економската активност поврзана со недвижен имот, Хел Бул Истејт ООД, Бугарија не работи на други пазари.

Целниот бизнис не вклучува средства лоцирани во Северна Македонија. Во однос на производите за кои се однесува предложената трансакција – кеси кеса-во-кутија – целниот бизнис остварил продажба на такви производи во Северна Македонија во 2022 година.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување**.**

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**